РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КАМЕРЕН ОРКЕСТАР БИТОЛА
БР. 03-12/1
12.02 20 24 год.
Битола

Врз основа на член 77-е од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07,116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 2 од Правилникот за полагање на аудиција, вд директорот на Националната установа Камерен оркестар на Битола – Битола на 12.02.2024 година донесе

# ОДЛУКА
## За објавување на аудиција

Член 1

Аудицијата за вработување по објавениот оглас бр 01/2024 објавен на 27.01 2024 година, за работните места : прва виолина тути (две лица); втора виолина тути (две лица); заменик водач на група гудачки иструменти-виола (едно лице); тути гудач виола (едно лице); водач на група гудачи – виолончело (едно лице); заменик водач на група гудачки иструменти-виолончело (едно лице); водач на група гудачи – контрабас (едно лице); друг уметник прва група – пијанист (едно лице) и дувач прва група прва флејта (едно лице) ќе се одржи на 14.02.2024 година со почеток од 08:00 часот во Културен и информативен центар Битола (Офицерски дом).

Член 2

Редоследот на кандидатите ќе се утврдува со извлекување на број, непосредно пред аудицијата, по редоследот на работните места објавени во Оглас бр.01/2024 од 27.02.2024 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб-страницата www.chamberorchestrabitola.com на НУ „Камерен оркестар на Битола" Битола.

НУ „Камерен оркестар на Битола" – Битола
ВД Директор
Владимир Димовски